УДК 821.163.3-32(049.3)

**Венко Андоновски**

# ПОНИШТЕНА ГРАВИТАЦИЈА (Драги Михајловски: *Скок со стап*, раскази, *Македонска книга*, 1994)

Еве го, по четири години од последната книга проза, Драги Михајловски (1951), со свежи раскази, под наслов *Скок со стап*. И, веднаш да кажеме нешто што обично кај недоделканите книги се кажува на крајот од ваквите рецензии, па променетиот редослед на вредносниот суд и аргументацијата за него нека биде сфатен како воодушевување од прочитаното: Михајловски повторно напишал одлична *книга*. Несомнено, авторот продолжува да се одлепува од македонските раскажувачи со брзина што ја поништува гравитацијата на националниот прозен просек и стереотип. Уште со првата книга раскази, *Речно улиште* (1981), а потоа и со втората, *Ѓон* (1990), Михајловски се покажа како натпросечен, оригинален и одличен раскажувач кој претпочита да пишува надвор од медиокритетските шеми за ликот како *голем национален херој*. Неговата проза е проза на малиот човек, на анти-херојот, човекот од секојдневието, малиот човек со *големи* проблеми. Проблемите на човекот на Михајловски редовно, во сите негови раскази започнуваат како *зрно* што боцка, а завршуваат како *лавина* што убива. На познавачите на прозата на Михајловски, како и на поупатените литературозналци им е јасно за што станува збор: *хиперболата*, *карикатуралноста* и самракот на *гротеската* и *иронијата* стануваат основни својства на овој тип наративен дискурс, негова *постапка* и *план на градба*.

Така е и во најновата книга на Михајловски, каде што се печатени шест раскази, на вкупно 115 страници (уште една врвна одлика на овој автор: печати малку, но одбрано). *Бизарноста* и понатаму останува прво сојство на расказите на Михајловски. Во првиот расказ, *Куќа во Солун*, при една случајна средба во Битола, соседот Аврам му кажува на ликот-раскажувач

дека никако не може да ја заборави првата жена, што ја напуштил оти не можела да му роди, а која сега живее во Солун; потоа, двајцата, без збор, како по договор, барајќи чаре, ја земаат двокатната куќа на Аврама (!) и ја креваат на раце, носејќи ја на врв рид, од каде може да се види Солун! И, додека ликот-раскажувач ја држи куќата извишена на раце, небаре модерен Херкул, Аврам, од чардакот ја здогледува љубената жена! Библиската матрица за Аврам и Сара е, очигледно, само предлошка за еден нов, наративен *скок*, во буквална и во преносна смисла! Во овој расказ, практично, почнува *скокот* за кој станува збор подоцна, во последниот расказ од книгата.

Воопшто, јунаците на Михајловски *сакаат* да функционираат во насока на просторната метафора: горе-долу: да се потсетиме на расказот *Месечари* од, исто така, одличната книга *Ѓон*. Таа *ресемантизација* на просторот е едно од основните својства на прозата на Михајловски: просторните категории се исполнуваат со симболични значења, стануваат метафори за човековата егзистенција, копнежи, чувства, состојби.

Во расказот *Скок со стап* повторно се среќава метафоризацијата на просторот *горе* и просторот *долу*. Овие архетипови се семантизираат од една, повторно бизарна *приказна-лавина*, толку карактеристична за Михајловски. Таа *приказна-лавина* не е ништо друго, ами *прогресивно градирана хипербола*, постапка со која наративното ‘зрно’ набабрува до неверојатни граници. Проблемот на ликот во овој расказ е банален на почетокот, а прашање на живот или смрт на крајот. Станува збор за еден библиотекар на Филолошкиот факултет, кој, откако ќе започне ѕидањето на огромната зграда на Телевизијата отспротива, ќе установи дека веќе не може да има поглед на Китка од својата библиотека. Тоа за него е исто што и фрлање ракавица в лице од страна на државата, предизвик на двобој, прашање на честа. Така, тој се решава на најнепрактичното, но морално најдоследно решение: на долготрајни, исцрпувачки, гротескни физички подготовки, за да ја прескокне зградата со стап, онака како што тоа го прават хероите на атлетиката! Тука јасно се исчитува карикирањето, персифлажата на митот за античкиот, олимписки херој, за да се отслика немоќта на малиот човек на денешницата. Но, се исчитува и разорната критика на бирократијата и отуѓеноста на човекот од *природата*, нешто што во овој расказ е изведено со иронија, ведар хумор, но и со – кафкијанска горчина во пародирањето на олимпискиот, херојски, грациозен *скок* преку овој отуѓен свет што се наоѓа на залез.

Конечно, во моментот на долго подготвуваниот *скок,* настанува една *невидена екстензија на дискурсот*, додека *сижето мирува*. Течат тука,

на 9 странички ‘без гравитација’: сеќавања, автоматски подредени слики од детството и животот, броенки, имиња на лековити билки слушнати од *традицијата* и триста други дребулии, готови семиотички форми и текстови, собрани во потсвеста на животот, небаре станува збор за оној феномен на ‘филмска лента’, што, наводно, според ‘повратниците’ од клиничката смрт, се ‘одвиткува’ во мигот кога душата го напушта телото. Таа *елонгација на дискурсот*, својство на модерната и постмодерната проза, предизвикува ефект на slow motion (забавена снимка), нешто што тесно го сврзува стилот на Драги Михајловски и со визуелните медиуми. На едно друго место, во поинаква прилика, веќе забележавме дека техниката на пишување на Драги Михајловски, според начелото *прогресивна хиперболизација*, потсетува на цртаните филмови, особено на оние во кои главен лик е популарниот Унгарец Густав. Парадигматично е во таа смисла токму она сиже кога симпатичниот, ќелав Унгарец се решава да ја пребојадиса целата соба во црно, поради тоа што една дамка црна боја му капнува на подот. Ист идеен извод има и приказната на Драги Михајловски за скокачот со стап: тој се решава на *најнепрагматичното, најнаивно,* но – *естетизирано, морално* решение, она што, всушност, и не е решение. Анти-херојот скока, за да избега *горе*, но, всушност, *падот* е нужен и страотен: тоа е пад на Човекот, навестен и во претходните раскази на писателот, особено во *Ѓон*.

На планот на стилот, *Скок со стап* ги унапредува доблестите на Михајловски идентификувани и по повод претходните книги. Михајловски е врвен стилист, мајстор на колоквијалната, Цепенковска реченица, во која честопати го препознаваме и локалното, дијалектно милје. Неговите дијалози се особено пластични, а описите економизирани и сведени на нужен минимум.

Што уште да се каже за ваквите книги, освен дека се ретки, пријатни и дека вистински хендикеп е тоа што – имаат крај. Но, тоа е законот на талентот и вкусот: она што е добро, обично доаѓа во мали емисии. Книгата *Скок со стап* уште еднаш покажува дека: да се говори понатаму за македонската современа проза, без да му се посвети *значително* внимание и детална интерпретација на овој автор – е невозможно, неупатно и критички арогантно.